‚Не е од добродетелство постот за време на патување

Џабир бин Абдулах, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беше на патување и забележа метеж околу еден човек врз кого правеле сенка. Па праша: ‚Што е ова?' Му одговорија: ‚Тоа е човек што пости.' Тогаш тој рече: ‚Не е од добродетелство постот за време на патување.'" А во друга верзија кај Муслим стои: „Придржувајте се до олеснувањето што Аллах ви го дозволил."

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил на патување и видел човек околу кого се собрале луѓе, а врз него направиле сенка поради жештината и силната жед. Пратеникот прашал: „Што е со него?" Му рекоа: „Пости." Тогаш рече: „Не е од добродетелство постот на патување. Придржувајте се кон олеснувањето што Аллах ви го дозволил."

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4503